**ПРЕДЛОГ ОД АКЦИОНЕР КИРИЛ САМАРЏИОСКИ**

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва, како и член 36 од Правилата за котација, Собранието на друштвото, одржано на 29.05.2018 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2017 година
(дивиденден календар)

**Член 1**

Согласно Одлуката за употреба и распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2017 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2017 година во висина од 3.083,00 денари бруто, за една акција.

**Член 2**

Последен датум на тргување со право на дивиденда за 2017 година е 13.06.2018 година.

**Член 3**

Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2017 година е 14.06.2018 година.

**Член 4**

Датум на стекнување на право на дивиденда за 2017 година (датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда) е 18.06.2018 година.

**Член 5**

Исплатата на дивидендата за 2017 година ќе биде најдоцна до 30.09.2018 година.

Дивидендата ќе биде исплатена на трансакциските сметки на акционерите

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

________________________________